**Поддржано од:** Federal Ministry Republic of Austria Social Affairs, Health, Care and Consumer Protection

Прилог

**Инструкции за понудувачи со техничка спецификација**

**за хотелско сместување**

# 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

## 1.1 Вовед

Во овој документ се содржат инструкции за понудувачите за јавниот повик за понуди бр. 0805-02/2022

## 1.2 Договорен орган

Договорен орган е Здружени „Иницијатива за Економски Развој на Ромите – РЕДИ Скопје", со седиште на адреса: ул. Црвена Вода 37/1, електронска адреса redimk@redi-ngo.eu а за потребите на проектот „Роми и КОВИД – 19: Градете подобро преку одржливо управување со отпад" финансирано од Сојузното Министерство на Република Австрија Социјални работи, здравство, грижа и заштита на потрошувачите, во партнерство со Umweltdachverband .

Лице за контакт во однос на овој повик е Асиб Зекир, контакт на меил: asib@redi-ngo.eu

## 1.3 Предмет на договорот

1.3.1 Предмет на услуга

| Ред. Бр. | **Опис на производ/ услуга** | **Количина** | **Единечна цена без ДДВ** | **Единечна цена со ДДВ** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Полн пансион по лице, во двокреветна соба (вклучено појадок, ручек, вечера и по еден флаширан | 32 | | |

Поддржано од: Federal Ministry Republic of Austria Social Affairs, Health, Care and Consumer Protection

umwelt dachverband

REDI Roma Entrepreneurship Development Initiative

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | безалкохолен пијалок за ручек и вечера) | | | |
| 2. | Полн пансион по лице, во еднокреветна соба (вклучено појадок, ручек, вечера и по еден флаширан безалкохолен пијалок за ручек и вечера) | 5 | | |
| 3. | Сала за состаноци акустично одвоена од останатиот дел од хотелот соодветна и комотна за 37 лица, во период од 25 до 29 јули. Салите да располагаат со кабини за превод. Мин. една сала да има кабини за превод. | 3 | | |
| 4. | Користење на техничка опрема (ЛЦД проектор, флипчарт табла) за одржување на обука во период од 25 до 29 јули | 3 | | |
| 5. | Освежување за време на обуката и паузите (кафе, вода, безалкохолен пијалок), по лице, за 37 лица. | 8 | | |

- Понудата треба да важи за 37 лица, за времетрање од пет дена, четири ноќевања;
- Хотелот, според категоризација, треба да биде најмалку со 3 ѕвезди;
- Понудите треба да бидат назначени со ДДВ;
- Цените во понудата треба да бидат изразени во денари;
- Документацијата која се поднесува во копија треба да е заверена од понудувачот со печат и потпис од одговорното лице со назнака „Верно со оргиналот";
- Оброкот за ручек треба да содржи сезонска салата, порција главно јадење, десерт;
- Оброкот за вечера треба да содржи сезонска салата, порција главно јадење, десерт;
- Храната не треба да содржи свинско месо;
- Пристигнување на учесниците и започнување е предвидено на 25 јули со вечера од 13.00ч.
- Заминување на учесниците е предвидено на 29 јули после ручек пауза

1.3.2 Предметот на договорот е неделив. Понудувачот во својата понуда треба да ги вклучи сите составни делови, во спротивно понудата ќе се смета за неприфатлива.

1.3.3 Договорниот орган со претходна најава и договор со избраниот понудувач може да прави помали модификации на понудениот обем и содржина, во зависност од расположливите средства, потребите на проектот и поефективно остварување на целите.

**1.4 Извор на средства, потекло на добрата и видливост**

Средствата за реализација на договорот се обезбедени во рамките на проектот „Роми и КОВИД – 19: Градете подобро преку одржливо управување со отпад" финансирано од Сојузното Министерство на Република Австрија Социјални работи, здравство, грижа и заштита на потрошувачите, во партнерство со Umweltdachverband.

**1.5 Право на учество**

Право да достават понуда имаат сите заинтересирани понудувачи од градовите Охрид, Струга, Маврово, Велес и Дојран во рамки на Р. Северна Македонија. Овој повик е јавен, објавен на веб страната на РЕДИ.

**1.6 Критериум за доделување на договорот за набавка**

Критериум за доделување на договорот за набавка е според принципот „најниска понудена цена со најдобра понуда која технички ги исполнува сите услови"

**1.7 Начин на комуникација**

Секое барање, информација, известување се испраќаат во писмена форма лично, по пошта или по е-маил redimk@redi-ngo.eu

**1.8 Информации од доверлив карактер**

РЕДИ Скопје ќе ги заштити информациите кои понудувачот ги има означено како доверливи, во спротивно ќе се смета дека понудата не содржи информации од доверлив карактер.

## 2. СПОСОБНОСТ НА ПОНУДУВАЧИ

### 2.1 Начин на докажување на способноста

Со понудата понудувачот задолжително треба да достави придружна документација со која ќе ја докаже способноста:

1. Копија од Тековна состојба не постара од 6 месеци;
2. Прилог 1. Техничка понуда со вклучена финансиска понуда;
3. Прилог 2. Изјава за непостоење на услови за исклучување на добавувач.

2.1.1 При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација.

2.1.2 Никакви промени во понудата, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се допуштат од страна на комисијата или од понудувачот.

## 3. ПОЈАСНУВАЊЕ, ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТЕНДЕРСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### 3.1 Појаснување на тендерската документација

Понудувачот може да побара појаснување на тендерската документација од договорниот орган. Давањето на појаснувањето на другите понудувачи, договорниот орган ќе го прави без да го открива идентитетот на понудувачот кој побарал појаснување.

### 3.2 Измена и дополнување на тендерската документација

РЕДИ Скопје го задржува правото да ја измени или да ја дополни тендерската документација, за што веднаш ќе ги извести сите поканети понудувачи.

## 4. ПОДГОТОВКА И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

### 4.1 Содржина на понудата

Понудувачот задолжително треба да ги користи прилозите дадени во оваа тендерска документација, при што тие мора да се пополнети без никакви измени на нивната форма, во спротивно понудата ќе биде отфрлена како неприфатлива.

### 4.2 Јазик на понудата

Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата се доставува на македонски јазик.

**4.3 Цена на понудата**
4.3.1 Финансиската понуда понудувачот ја пополнува како што се бара во образецот.
4.3.2 Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на понудувачот и треба да биде искажана со данок на додадена вредност.

**4.4 Валута на понудата**
4.4.1 Цената на понудата се изразува во македонски денари, испишана со бројки и букви. Македонскиот денар ќе се користи како валута за евалуација на понудите.

**4.5 Период на важност на понудата**
Периодот на важност на понудата ќе изнесува 30 дена од денот на доставување на понудата. Понудите кои содржат покус период на важност од оној утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

**4.6 Форма и потпишување на понудата**
4.6.1 Понудата се поднесува исполнета, скенирана и потпишана од одговорното лице на понудувачот или лице овластено од него. Доколку понудата ја потпишува лице овластено од одговорното лице, во прилог се доставува и овластување за потпишување на понудата потпишано од одговорното лице (овластено лице на понудувачот). Сите страници на понудата треба да се парафирани од лицето кое ја потпишува понудата.

4.6.2 Секое пишување меѓу редовите, бришење или пишување врз претходен текст важи само ако е потпишано или парафирано од лицето кое ја потпишува понудата.

**4.7 Краен рок и место за поднесување на понудите**
4.7.1 Краен рок за доставување на понудите е 04.07.2022 година до 16:00 часот.

4.7.2 Понудите се поднесуваат преку пошта или лично на рака во РЕДИ Скопје со адреса на ул. Црвена Вода 37/1, 1000 Скопје со наслов „За повик бр. 0805-02/2022. Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, се отфрла како задоцнета и понудувачот ќе биде известен.

**4.8 Алтернативни понуди**
Во оваа постапка за доделување на договор не се дозволени алтернативни понуди.

## 5. ОТВОРАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ

### 5.1 Отворање на понудите

5.1.1 Понудите ќе се отвораат на 05.07.2022 година, во просториите на РЕДИ Скопје, без присуство на јавност.
5.1.2 Доставените понуди ќе се евалуираат една по една, со читање на името на понудувачот, при што се констатира дали понудите се доставени според пропишаните правила. Ниту една понуда нема да биде отфрлена на отворањето на понудите, освен задоцнетите понуди.
5.1.3 Комисијата за набавки ќе пристапи кон отворање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.
5.1.4 Во текот на отворањето на понудите се води записник, кој е составен дел на конечниот извештај.

### 5.2 Доверливост на процесот на евалуација на понудите

Ниту една информација во врска со разгледувањето, оценката и споредбата на понудите во процесот на евалуација нема да биде откриена на понудувачи или на кои било други лица што не се службено вклучени во тој процес.

### 5.3 Појаснување на понудите

Во периодот на разгледување и оценување на понудите, договорниот орган може да побара од кој било понудувач појаснување на неговата понуда. Никаква промена на цените или на содржината на понудата нема да се бара, нуди или да се дозволува, освен за потврдување на корегирањето на аритметички грешки што ги открил договорниот орган при проценката на понудите.

## 6. ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА НАБАВКА

### 6.1 Доделување на договорот за набавка

6.1.1 Договорниот орган му го доделува договорот на понудувачот чија понуда нуди најниско понудена цена за претходно утврдената техничка спецификација.
Скалата на бодување се заснова на понудената цена.
6.1.2 Доколку две или повеќе понуди имаат иста цена, за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој има најдобар квалитет и/или прв ја поднел понудата.

### 6.2 Известување за доделување на договорот за набавка

Избраниот понудувач и сите други понудувачи ќе бидат известени за резултатите од постапката.

**6.3 Склучување на договорот за набавка**

6.3.1 Договорниот орган ќе го достави договорот за набавка до избраниот најповолен понудувач во 4 примероци на потпишување.
6.3.2 Избраниот најповолен понудувач има обврска да го потпише договорот за набавка во рок од 3 работни дена од денот на добивање на договорот и истиот да му го врати на договорниот орган, во спротивно договорниот орган го задржува правото да смета дека избраниот најповолен понудувач се откажал од склучување на договорот.
6.3.3 Договорниот орган го задржува правото да склучи договор со второрангираниот понудувач во случај ако прворангираниот понудувач се откаже од склучување на договорот.

**7. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ ОД ДОГОВОРОТ ЗА НАБАВКА**
**7.1 Начин на плаќање**
7.1.1 Се предвидува следниов начин на плаќање:
- 50% од вкупниот договорен износ за набавката при потпишување на договорот и останатите 50% при испорака на договорената опрема и тоа најдоцна 15 дена од испораката.

7.1.2 Начинот на плаќање е задолжителен. Секоја понуда која содржи начин на плаќање поинаков од оној утврден во оваа точка ќе се смета за неприфатлива и како таква ќе биде одбиена од страна на комисијата за набавки.

**7.2 Рок на испорака**
Индикативен датум за потпишување на договорот

**7.3 Разлики во цена (корекција на цени)**
Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за набавка.

## 8. ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

**8.1 Договорниот орган може да ја поништи постапката за доделување на договор за набавка ако:**

- не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива или соодветна понуда,
- настанале непредвидени промени во буџетот на договорниот орган,
- понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот,
- поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган,
- избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот,
- други услови за кои договорниот орган соодветно ќе информира.